**Друштво на физичарите на Република Македонија (ДФРМ)**

**Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија (СХТМ)**

**Македонско биолошко друштво (МБД)**

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

**За 18. Меѓународна јуниорска олимпијада по природни науки (IJSO 2022). Олимпијадата се очекува да се одржи во декември 2022 година, а точниот датум, местото и домаќинот ќе бидат дополнително објавени. Во случај да не се најде домаќин и олимпијадата да биде откажана, трите здруженија ќе го прекинат процесот на селекција и ќе ги известат сите учесници на селекционите натпревари.**

Селекционите натпревари за IJSO 2022, ќе се одржи во два термини (јули и август/септември).

Сите потенцијални учесници на олимпијадата треба да се родени на или после 1 јануари 2007 година, односно до крајот на календарската 2022 година да не се постари од 15 години.

http://www.ijsoweb.org/about-ijso

Сите ученици кои планираат да учествуваат на Првиот селекционен натпревар своето учество задолжително треба да го потврдат со испраќање на електронска пошта на fizikanatprevari@gmail.com, најдоцна до 24.06.2022 година (23:59). Во пораката треба да го наведат своето име, одделение, училиште и општина. На натпреварот НЕМА да му биде дозволено учество на ниту еден ученик/ученичката кој/а соодветно не го извршил пријавувањето до наведениот рок.

| **Прв селекционен натпревар, петок 1 јули 2022 (почеток во 10.00 часот, учениците треба да бидат пристигнати најдоцна до 9:30 часот), ПМФ – Скопје (Горна зграда)**<br><br>**Натпреварот ќе трае 180 минути** |
|---|
| На натпреварот се поканети:<br>• најдобрите ученици од државните натпревари (физика, хемија, биологија), за осмо и деветто одделение согласно списокот на поканети ученици.<br><br>Без разлика на возраста (одделението), учениците ќе се натпреваруваат на ист тест кој содржи теоретски проблеми и нумерички задачи од содржините предвидени за државните натпревари по физика, хемија и биологија за осмо и деветто одделение (содржините може да се најдат на интернет страниците на секое од друштвата).<br><br>На тестот, во секоја од областите може да бидат дадени задачи, односно проблеми за кои се потребни математички предзнаења, како: степени, функции (линеарна, квадратна, експоненцијална, логаритамска), вектори, квадратна равенка, тригонометриски функции, а за хемија треба да се совладаат и основните стехиометриски пресметки (Тема I од наставната |

програма за хемија за I год, гимназија).

Рангирањето на учениците ќе се врши според вкупниот број поени на тестот. Комисијата на денот на натпреварот согласно резултатите ќе одлучи колку ученици ќе го поминат првиот тест и ќе можат да се натпреваруваат на вториот селекционен натпревар во август/септември 2022 година.

**Втор селекционен натпревар, август/септември 2022 (почеток во 10.00 часот, учениците треба да бидат пристигнати најдоцна до 9:30 часот), ПМФ – Скопје (Горна зграда)**

**Натпреварот ќе трае 180 минути**

На натпреварот ќе бидат поканети најдобрите ученици од првиот селекционен натпревар. Одлуката ја носи комисијата составена од членови од трите здруженија.

Учениците ќе се натпреваруваат на тест кој содржи теоретски проблеми и нумерички задачи од областите физика, хемија и биологија според содржините објавени во програмата за олимпијадата која е достапна на:

http://www.ijsoweb.org/ijso-syllabus

Шест натпреварувачи кои постигнале најдобри резултати на овој натпревар (водејќи сметка за рамномерна распределба на поените по трите области - Учениците мора да имаат најмалку 20% од поените од секоја одделна дисциплина за да бидат рангирани), ќе го претставуваат тимот од Македонија кој ќе учествува на 18. Меѓународна јуниорска олимпијада по природни науки. Од останатите неколку ученици ќе се формира резервен тим, кој исто така ќе има можност да учествува на подготовките.

Од септември до крајот на ноември 2022 година на Институтите за физика, хемија и биологија при ПМФ во Скопје, ќе се спроведат подготовки на Македонскиот тим. Учениците дополнително ќе бидат известени за динамиката и распоредот на подготовките. Подготовките **се задолжителни** за учениците од тимот кој ќе ја претставува Македонија на IJSO 2022.

Скопје, 10.06.2022

**Друштво на физичарите на Република Македонија**
**Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија**
**Македонско биолошко друштво**